**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Д Р Ж А В Е Н П Р О С В Е Т Е Н И Н С П Е К Т О Р А Т**
**- С К О П Ј Е -**

# К О Н Е Ч Е Н И З В Е Ш Т А Ј
**од извршената интегрална евалуација**
**во Средното училиште на Град Скопје**
**„Марија Кири - Склодовска“ - Скопје**

Скопје, март / 2024 година

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Дел. број: **09-160/2** од **11.03.2024 година**

## Средно училиште на Град Скопје „Марија Кири - Склодовска“ - Скопје

| **ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНАТА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА** | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 19.02.2024 година до 21.02.2024 година |
| **Број на извештај:** | 01 / скопски / 2024 |
| **Раководител на инспекцискиот тим:** | Мирјана Насковска |
| **Вид на училиште:** | средно стручно |
| **Подрачни училишта:** | нема |
| **Основач на училиштето:** | Совет на Град Скопје |
| **Наставен јазик:** | македонски наставен јазик и албански наставен јазик |
| **Вкупен број на ученици:** | 1725 ученици |
| **Полова структура на ученици:** | 561 - машки и 1164 - женски |
| **Број на наставници:** | 113 наставници |
| **Претседател на Училишниот одбор:** | ЉУПЧО ЦЕЛЕСКИ |
| **Директор на училиштето:** | ДАРКО СПАСЕВ |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | од 28.01.2019 година до 31.01.2019 година |
| **Адреса на училиштето:** | бул. „Трета Македонска Бригада“ број 63-А |
| **Телефон на училиштето:** | 02 / 2403 - 141 |
| **Факс на училиштето:** | 02 / 2403 - 141 |
| **E-mail адреса:** | marijakirisklodovska@hotmail.com |
| **Оценка од интегрална евалуација:** | многу добар (3,83) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно Член 2, Член 19, Член 25 и Член 26 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16, 64/18) и одредбите од Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 86/06).

# РЕЗИМЕ

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат за календарската 2024 година и одредбите од Законот за просветната инспекција во периодот од 19.02.2024 година до 21.02.2024 година, тим од тројца Државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во Средното училиште на Град Скопје „Марија Кири - Склодовска“ - Скопје. За време на инспекцискиот надзор, тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состаноци со директорот на училиштето, стручните соработници, Училишниот одбор и Советот на родители, разговори со фокус група на ученици и наставници по стручни активи и членови на тим во изготвување на Самоевалуацијата за работа на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација, која беше приложена и разгледана за време на инспекцискиот надзор, разговорот со различните фокус групи, одржани состаноци со училишните органи и тела, посетата на наставни часови, анализа од доставените прашалници за ученици, наставници, стручната служба и родителите, како и од увидот во донесените и изготвените списи од извршеното самооценување, а во однос на седумте подрачја, тимот од Државните просветни инспектори, констатираше дека севкупното работење на училиштето се оценува со **многу добар (3,83)**.

Наставниот процес и другите форми на воспитно - образовна работа во училиштето се изведува по наставни планови и се планира согласно наставните програми за средно стручно тригодишно и четиригодишно образование.

Учениците во тековната учебна 2023/2024 година имале можност да се определат за 8 образовни профили во 3 струки од четиригодишно и тригодишно стручно образование:

- Хемиско - технолошка струка со 4 образовни профили:
  - хемиски - лабораториски техничар (четиригодишно стручно образование);
  - техничар за козметички и хемиски производи (четиригодишно стручно образование);
  - техничар за заштита на животна средина (четиригодишно стручно образование);
  - прехранбен техничар (четиригодишно стручно образование).
- Струка лични услуги со 1 образовен профил:
  - техничар за очна оптика (четиригодишно стручно образование);
- Здравствена струка со 3 образовни профили:
  - фармацевтски техничар (четиригодишно стручно образование);
  - медицински лабораториско - санитарен техничар (четиригодишно стручно образование);
  - болничар - негувател (тригодишно стручно образование).

Училиштето планира и реализира голем број на воннаставни и вонучилишни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Регистриран е спортски клуб со назив УСК „МКС“ – Скопје со Решение со дел. број 0805-50/150120230029382 од 07.10.2019 година, којшто е основан од страна на предметни наставници од училиштето. Клубот е активен и на годишно ниво учествува на спортски активности (спортски натпревари и настани на општинско, регионално и државно ниво со различни спортски дисциплини - одбојка, кошарка, ракомет и фудбал, велосипедски тури, планинарски марш). Во клубот учесници се 114 машки и 128 женски ученици од училиштето. Активното учество на настани од страна на спортскиот клуб е потврдено и од страна на Федерација на училишен спорт на Македонија, Федерацијата на училишен спорт на Градот Скопје. Спортскиот клуб е финансиран од страна на Фудбалската федерација на Република Северна Македонија за одредени настани.

Стручните соработници (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор - дефектолог и библиотекар) во училиштето многу добро го следат целокупниот воспитно - образовениот процес, постигнувањата и психофизичкиот развој на учениците. Ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби (со и без наод и мислење - инклузирани во воспитно - образовниот процес) и преземаат мерки и активности за стекнување на знаења, умеења и

вештини. Во училиштето има 29 ученици со посебни образовни потреби, од кои 15 ученици се со наод и мислење, а 14 ученици се без наод и мислење, со коишто работат стручниот соработник - специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог) и 4 образовни асистенти и 2 лични асистенти ангажирани за општествено - корисна работа од страна на Град Скопје како основач, а во соработка со проектот на УНДП. За работа со учениците со посебни потреби, формиран е инклузивен тим и формирани се инклузивни подтимови со Решение со дел. број 03-543/2 од 29.09.2023 година и училиштето има изработено Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби и Протокол за активности за инклузија со дел. број 03-543/3 од 29.09.2023 година. Стручниот соработник - специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог) во соработка со предметните наставници и инклузивните тимови имаат изработено индивидуални образовни планови за работа на ученици со посебни образовни потреби, за оние ученици за коишто е доставена писмена согласност од родителот / старателот, којшто се чува во досието на ученикот со посебни образовни потреби на начин и постапка утврдена со Законот за заштита на личните податоци. Наставниците и стручните соработници имаат посетено обука за работа со ученици со посебни образовни потреби на ден 04.11.2023 година и на ден 05.11.2023 година, којашто е финансирана од буџетот на училиштето.

За постигнување на подобри резултати, училиштето има изготвено распоред за дополнителна и додатна настава и приемен ден на родители, којшто е објавен на огласната табла на училиштето и доставен до Државниот просветен инспекторат во законски определениот рок. Средниот успех на учениците во училиштето на крајот од учебната година во последните три учебни години е многу добар (3.71).

Поддршката и следењето на планирањата на наставниците од страна на раководната и стручната служба е многу добра. За изготвување на планирањата наставниците разменуваат искуства на ниво на 8 стручни активи, како и со помошниците директори на училиштето. Работата во училиштето и наставниот процес се реализира согласно наставните планови и програми, Годишната програма на училиштето, планирањата на наставниците, распоредот на часови по наставните предмети (редовни и изборни), распоред за содржини програмирани од училиштето и распоред за дополнителна и додатна настава. Во наставниот процес најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми, техники и методи на работа, кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Употребата на ИКТ во наставата е многу добра и наставниците имаат расположлива компјутерска опрема во секоја просторија за реализација на квалитетна настава и непречен воспитно – образовен процес. Поголем број наставници вршат избор на задачи, активности и ресурси за реализација на наставните содржини, со цел да ги постигнат целите и задачите. Интеракцијата помеѓу наставник - ученик и ученик - ученик е на ниво. Наставниците настојуваат да ги вклучат сите ученици во процесот на учењето според нивните способности. Училиштето има пропишана процедура за оценување и има изработено интерно помагало за евидентирање на успехот на ученици по нивоа, по месеци и по квартали, а наставниците користат разни посебни прилагодливи методи при оценувањето на учениците. Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците преку разни форми (индивидални средби, родителски состаноци, телефонско информирање и е-дневник).

Училишниот простор е безбеден за изведување на наставата. Училиштето има пропишани процедури за заштита од физички повреди, елементарни непогоди и насилство. Училиштето има развиено своја апликација за електронско пријавување на секаков вид насилство. Училиштето води грижа за здравјето и среќата на учениците. Стручната служба води евиденција и прави компаративна и споредбена анализа за постигнувањата на учениците, презема активности да ги насочи учениците при изборот на нивното понатамошно образование и вработување. Училиштето со правното лице „АЛКАЛОИД“ - А.Д. Скопје и правното лице „РЕПЛЕК“ А.Д. Скопје има постигнато договор за по завршување на образованието на учениците во училиштето од хемиско - технолошка струка и здравствена струка да им биде овозможено вработување.

Училиштето за правилно однесување на сите структури во училиштето и организација на работата во училиштето во состав на Годишната програма за работа на училиштето има донесено:

- Кодекс за однесување на учениците;
- Кодекс за однесување на наставниците;
- Кодекс за однесување на родителите;
- Куќен ред на училиштето;
- Еко кодекс на училиштето;
- Етички кодекс за наставниците и стручните соработници;
- Кодекс за однесување во училишна лабораторија;
- Кодекс за однесување во училишна сала;
- Правилник за избор на ученик на генерација;
- Протокол за спречување на насилство во училиштето;
- Процедура за грижа за ученици со телесни пречки;
- Процедура за однесувања кои индицираат присуство на посебни потреби кај учениците;
- Процедура за давање согласност за користење на лични податоци од учество во училишни и вонучилишни активности;
- Протокол за изведување на обврските на дежурство на дежурните ученици и дежурните наставници.

Училиштето има програма за професионална ориентација на учениците. Во училиштето се изведува кариерно советување на средношколци, кој има за цел едуцирање и насочување на учениците како да бидат поконкурентни на пазарот на трудот, односно нивно доусовршување, подготовка на интервјуа за работа, изработка на кратка биографија и советувања на учениците за професионалната ориентација. Кариерното советување го врши стручната служба. Училиштето има формирано училишна заедница којашто е избрана на демократски и транспарентен начин. Со училишната заедница работат одредени предметни наставници и стручни соработници, а избрано е раководно тело од редот на учениците на училиштето.

Дисциплината и поведението на учениците се многу добри. Постигнувањата на учениците и училиштето се промовираат на разни настани и манифестации на локално и државно ниво. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста, почитувајќи ги правата на учениците и мултикултурализмот го промовира во училиштето, на локално, државно и меѓународно ниво. Со Решение со дел. број 03-725/1 од 25.11.2023 година формиран е училишен тим за меѓуетничка интеграција во образованието во состав од 13 членови. Училиштето спроведува заеднички активности за меѓуетничка интеграција во училиштето, со партнер еднојазични училишта во државата (Средно економско - правно училиште на Град Скопје „Васил Антевски - Дрен“ - Скопје и Средното општинско стручно училиште „Илинден“ - Илинден). Заедно учествуваат на меѓународни проекти, а училиштето во 2020 година е добитник на грант од Министерството за образование и наука за спроведување на активности за меѓуетничка интеграција. Односите и соработката на директорот на училиштето и помошниците директори со управните и стручните тела и органи на училиштето, локалната средина, деловната заедница, надворешната заедница и невладиниот сектор е на многу добро ниво.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава, а училишниот имот, учениците и наставниците се осигурани од буџетот на училиштето. Во училиштето има обучен кадар од 35 вработени за давање прва помош на учениците и вработените при несреќни случаи, а располага и со дефибрилатор и обучен кадар од 10 вработени за користење на истиот. Исто така, училиштето има Правилник за заштита од пожари и експлозии, План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи и Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи, како и од Дирекцијата за заштита и спасување има набавено Упатство за пружање на прва медицинска помош; Упатство за самозаштита на граѓани при несреќи предизвикани од опасни материи и Упатство за самозаштита на граѓаните од земјотреси. Хигиената во училиштето е на високо ниво и од страна на училиштето во училишниот буџет се одвојуваат финансиски средства за набавка на средства за одржување на хигиената. Во сите простории во училиштето во коишто се изведува настава поставени се прочистувачи на воздух.

Просторните услови и искористеноста на просторните капацитети (училници, кабинети, лаборатории, фискултурна сала) се многу добри. Опременоста со нагледни средства и наставно - образовни помагала за наставата по наставните предмети е многу

добра. Секоја училница, кабинет и лабораторија е опремена со ЛЦД проектор и интерактивни табли за непречено одвивање и користење на ИКТ во наставата. Кабинетите и лабораториите се опремени со сите нагледни средства и помагала за непречено одвивање на наставата. Воспитно - образовниот процес се реализира од страна на 113 наставници. Училиштето презема мерки за професионален развој на наставниците и организира обуки и семинари за истите. Раководниот орган во соработка со органот за управување, училишниот буџет многу добро го планира за активности во функција на воспитно-образовната работа.

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор којшто е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на Училишниот одбор е дефинирана со Деловник за работа и истиот работи транспарентно и отчетно. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и останатите училишни тела и органи.

Со училиштето раководи директор, избран од редот на вработените во прв мандат, по претходно спроведена постапка за избор по пат на јавен оглас во согласност со законските и подзаконските нормативно - правни акти. Приоритети на директорот на училиштето се:

- професионално и кариерно усовршување на наставниот кадар и стручните соработници;
- поголемо учество на учениците во носење одлуки.

Работата на училиштето е уредена со Статутот на училиштето со дел. број 01-179/2 од 26.02.2020 година, за што е добиена писмена согласност од Министерството за образование и наука со Решение со дел. број УП1 18-429 од 10.03.2021 година и приемен дел. број 01-464/1 од 06.12.2021 година.

Училиштето има извршено и изготвена Самоевалуација за работа на училиштето со дел. број 01-392/1 од 22.08.2023 година во којашто е опфатена целокупната работа на училиштето во учебните 2021/2022 година и 2022/2023 година. Во Самоевалуацијата на работа на училиштето јасно и недвосмислено се определени јаките и слабите страни на училиштето, како и препораките за идни активности. Самоевалуацијата за работа на училиштето е доставена до Државниот испитен центар како законски пропишана обврска. Исто така, училиштето има донесено и Програма за развој на училиштето за период од 2024 година до 2028 година со дел. број 01-153/1 од 07.02.2024 година. Во Програмата за развој на училиштето, земени во предвид се и резултатите од спроведената самоевалуација.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа со дел. број 01-395/1 од 23.08.2023 година, усвоена од страна на Училишниот одбор со Одлука со дел. број 02-445/4 од 31.08.2023 година и донесена во пропишан рок од страна на основачот - Советот на Град Скопје со акт со дел. број 27-9915/18 од 28.09.2023 година. Годишната програма за работа училиштето ја доставило до Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат во електорнска форма. Во Годишната програма за работа на училиштето опфатени се сите сегменти, програми и планови за целокупната организација и реализација на воспитно - образовната работа во училиштето.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Средното училиште на Град Скопје „Марија Кири - Склодовска“ - Скопје започнало со работа во 1969 година како Хемиски училишен центар за хемиска струка и образование на кадри за хемиска индустрија. Училиштето е основано со акт со дел. број 25565/1 од 18.09.1969 година од Собрание на Град Скопје, а подоцна е добиена верификација за работа. Основачките права се на Град Скопје, односно на Советот на Град Скопје со број на регистарска влошка ИБ 01/1-37-0-0-0, а пренесени со Одлука за пренесување на основачки права и обврски над постојните државни средни училишта („Службен весник на Република Македонија“ број 51/05).

Училиштето работи како средно стручно училиште на Град Скопје во согласност со наставните планови и програми од Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, коишто се донесени од страна на Министерството за образование и наука.

Воспитно - образовната работа и дејност која се организира, како и работата и дејноста којашто може да се организира е верифицирана од страна на Министерството за образование и наука и тоа:

- средно стручно образование со четиригодишно траење

1. Решение со дел. број 11-1634/2 од 05.06.2006 година за верификација на образовните профили:
    - хемиско - технолошки техничар од хемиско технолошка струка;
    - производно процесен техничар од хемиско технолошка струка;
    - техничар за очна оптика од струка - лични услуги.
2. Решение со дел. број 11-615/3 од 26.03.2009 година за верификација на образовните профили:
    - медицински - лабораториски техничар од здравствена струка;
    - фармацевски - лабораториски техничар од здравствена струка.
3. Решение со дел. број УП1 13-2830 од 10.06.2020 година за верификација на образовниот профил - хемиски - лабораториски техничар од хемиско - технолошка струка.
4. Решение со дел. број УП1 13-2831 од 10.06.2020 година за верификација на образовниот профил - техничар за козметички и хемиски производи од хемиско - технолошка струка.
5. Решение со дел. број УП1 13-2833 од 10.06.2020 година за верификација на образовниот профил - техничар за заштита на животна средина од хемиско - технолошка струка.
6. Решение со дел. број УП1 13-2832 од 10.06.2020 година за верификација на образовниот профил - прехранбен техничар од хемиско - технолошка струка.
7. Решение со дел. број УП1 13-2835 од 10.06.2020 година за верификација на образовниот профил - техничар за очна оптика од струка лични услуги.
8. Решение со дел. број УП1 13-2834 од 10.06.2020 година за верификација на образовниот профил - фармацевтски техничар од здравствена струка.
9. Решение со дел. број УП1 13-2834 од 10.06.2020 година за верификација на образовниот профил - медицински - лабораториско санитарен техничар од здравствена струка.

- средно стручно образование со тригодишно траење

1. Решение со дел. број 11-2102/1 од 23.04.1998 година за верификација на образовниот профил - произведувач на хемиски и козметички производи.
2. Решение со дел. број УП1 12-2505 од 30.04.2018 година за верификација на образовниот профил - болничар - негувател од здравствена струка.

- средно специјалистичко образование

1. Решение со дел. број ИП1 12-2439 од 16.11.2016 година за верификација на условите за реализација на наставниот план и наставните програми за специјалистичко образование - професионален пожарникар од хемиско -технолошка струка.

- занимање

1. Решение со дел. број 11-3360/4 од 06.11.2009 година за верификација на условите за реализација на наставниот план и наставните програми за занимањето - пожарникар од хемиско - технолошка струка.

Училиштето има својство на правно лице и истото е регистирано во Централен регистар на Република Македонија со ЕМБС 4062922, ЕДБ 4030974244269 и жиро сметки на буџетски корисник број 785010372790316, 785010372778711 и 785010372760314.

Наставата во училиштето се изведува по изготвен распоред на наставни часови на македонски наставен јазик и албански наставен јазик во 2 (две) смени со почеток од 07:30 часот во првата смена и со почеток во 13:30 часот во втората смена со максимум до 8 наставни часови во текот на наставниот ден. Содржините програмирани од училиштето се изведуваат по изготвен распоред. Исто така, во училиштето се изведува и дополнителна и додатна настава по изготвен распоред којшто е објавен на огласната табла на училиштето и истиот во предвидениот законски рок е доставен и до Државниот просветен инспекторат.

Во тековната учебна 2023/2024 година се изведува настава и други форми на воспитно - образовна работа во вкупно 65 паралелки со вкупно 1725 ученици, од кои 37 паралелки на македонски наставен јазик со вкупно 1003 ученици и 28 паралелки на албански наставен јазик со вкупно 722 ученици. Учениците се распределени во средно стручно тригодишно образование со вкупно 6 паралелки, од кои 3 паралелки на македонски наставен јазик и 3 паралелки на албански наставен јазик, како и во средно стручно четиригодишно образование со вкупно 59 паралелки, од кои 34 паралелки на македонски наставен јазик и 25 паралелки на албански наставен јазик. Во средното стручно образование, застапени се образовните профили:

- Хемиско - технолошка струка со 4 образовни профили:
  - хемиски - лабораториски техничар (четиригодишно стручно образование);
  - техничар за козметички и хемиски производи (четиригодишно стручно образование);
  - техничар за заштита на животна средина (четиригодишно стручно образование);
  - прехранбен техничар (четиригодишно стручно образование).
- Струка лични услуги со 1 образовен профил:
  - техничар за очна оптика (четиригодишно стручно образование);
- Здравствена струка со 3 образовни профили:
  - фармацевтски техничар (четиригодишно стручно образование);
  - медицински лабораториско - санитарен техничар (четиригодишно стручно образование);
  - болничар - негувател (тригодишно стручно образование).

Во училиштето постои тенденција за зголемување на бројот на ученици во последните три учебни години и тоа: во учебната 2021/2022 година, бројот на ученици изнесувал 1680, распоредени во 62 паралелки; во учебната 2022/2023 година, бројот на ученици изнесувал 1704, распоредени во 65 паралелки и во учебната 2023/2024 година, бројот на ученици изнесува 1725, распоредени во 65 паралелки.

Покрај редовното образование, училиштето дава можности и за вонредно образование, со тоа што оние ученици (кандидати) коишто имаат завршено несоодветно образование мора претходно да ги положат дополнителните (диференцијалните) испити што се опфатени во дадената струка, односно дадениот образовен профил за којшто сакаат да се образуваат.

Училишниот објект е во монтажна стаклена зграда изградена во 1968 година со подрум, приземје и три ката. Училиштето располага со 36 училници, 1 кабинет, 2 кабинети за наставници и простории за нагледни средства и помагала, 1 библиотека со медиотека и читална, 1 фискултурна сала со 2 соблекувални, 8 специјализирани лаборатории за практична настава за хемиско - технолошка струка и здравствена струка, 1 работилница за практилна настава за образовен профил техничар за очна оптика, 1 кабинет по информатика, 3 кабинети за наставници по практична настава, 1 работилница - реална компанија, наставничка канцеларија, просторија за родители, канцеларии за административно - технички кадар (директор, помошник директор, секретар, благајник, сметководител, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор - дефектолог,

просторија за помошно - технички персонал) и училишен двор со спортско игралиште и озеленета површина, со вкупна бруто површина од 19596 $m^2$. Просториите се опремени со потребниот инвентар, основни средства и наставно - образовни помагала, а училишниот двор е ограден и безбеден. Училиштето располага со 120 лаптопови за наставниците и стручните соработници, има опремени училници со компјутерска опрема и ЛЦД проектори, како и има инсталирано сопствена безжична интернет мрежа во целокупниот простор, финансиран од буџетот на училиштето.

Работата и наставата во училиштето ја изведуваат директор, помошници директори, стручни соработници (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор - дефектолог, библиотекар, лаборанти), секретар, благајник, хаусмајстор/домаќин, хигиеничари, чувари и наставници. Според образовниот профил и стекнатото стручно звање (стручен назив) од вкупно 113 наставници, распоредени за изведување на настава на македонски наставен јазик и албански наставен јазик, од кои 66 наставници за настава на македонски наставен јазик и 47 наставници за настава на албански наставен јазик. Наставниците на определено работно време се вработени преку постапка за вработување по пат на јавен оглас по претходно одобрени согласности од страна на Министерството за образование и наука, а изборот е извршен од страна на раководното лице по предлог на Училишниот одбор во согласност од одредбите од Законот за наставниците и стручните соработници за основните и средните училишта. Работен однос на неопределено работно време имаат засновано вкупно 69 наставници, на определено работно време се вкупно 28 наставници и 16 наставници дополнуваат од други училишта. Според половата структура 76 наставници се жени и 37 наставници се мажи, а пак според етничката припадност 65 се македонци, 46 се албанци, 1 е србин и 1 е турчин. Во тековната учебна 2023/2024 година нема наставници и стручни соработници - приправници.

Училиштето се загрева со градски топловоден систем од страна на правното лице „ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА“ А.Д. Скопје. На градскиот топловоден систем поставен е систем за режим на штедење на греењето којшто е даден како донација од страна на правното лице „ТОПЛИФИКАЦИЈА ИНЖЕНЕРИНГ“ А.Д. Скопје.

Во соработка со Град Скопје, УНДП и УНИЦЕФ, во март / 2023 година во училиштето отворена е првата градска биотехнолошка лабораторија за обработка на биоотпад по пристапот „направи сам“ (био-хакирање) кој вклучува активности, односно експерименти кои се случуваат надвор од тишичните индустриски или академски поставки. Отворената лабораторија е една од трите во Европа и ги зголемила можностите на училиштето со нова опрема, машини и технологии во интерес на учениците, локалната средина и бизнис заедницата.

Училиштето и училишниот двор во минатите две години се целосно реконструирани.

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и на локалната образовна политика. Целите се недвосмилени, прецизни и јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Наставниот процес и другите форми на воспитно - образовна работа во училиштето се изведува по наставни планови и се планира согласно наставните програми за средно стручно тригодишно и четиригодишно образование, донесени од страна на Министерството за образование и наука, а на предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручното образование и обука. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигнување на целите.

Во тековната учебна 2023/2024 година се изведува настава и други форми на воспитно - образовна работа во вкупно 65 паралелки со вкупно 1725 ученици, од кои 37 паралелки на македонски наставен јазик со вкупно 1003 ученици и 28 паралелки на албански наставен јазик со вкупно 722 ученици. Учениците се распределени во средно стручно тригодишно образование со вкупно 6 паралелки, од кои 3 паралелки на македонски наставен јазик и 3 паралелки на албански наставен јазик, како и во средно стручно четиригодишно образование со вкупно 59 паралелки, од кои 34 паралелки на македонски наставен јазик и 25 паралелки на албански наставен јазик. Во средното стручно образование, застапени се образовните профили:

- Хемиско - технолошка струка со 4 образовни профили:
  - хемиски - лабораториски техничар (четиригодишно стручно образование);
  - техничар за козметички и хемиски производи (четиригодишно стручно образование);
  - техничар за заштита на животна средина (четиригодишно стручно образование);
  - прехранбен техничар (четиригодишно стручно образование).
- Струка лични услуги со 1 образовен профил:
  - техничар за очна оптика (четиригодишно стручно образование);
- Здравствена струка со 3 образовни профили:
  - фармацевтски техничар (четиригодишно стручно образование);
  - медицински лабораториско - санитарен техничар (четиригодишно стручно образование);
  - болничар - негувател (тригодишно стручно образование).

Содржините во помал број наставни програми овозможуваат постигнување на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат сите точки на акции од еко стандарди за реализирање на еко содржини по наставните предмети.

Практичната настава и вежбите се изведуваат во училишни специјализирани лаборатории коишто располагаат со помошна просторија за зачувување на наставните средства, хемикалиите и експериментите и училишна специјализирана работилница за реална училишна компанија и училишни специјализирани оптички лаборатории и работилници.

Учењето преку работа кај работодавач како дел од практичната обука се реализира кај следните работодавачи со кои училиштето има потпишано Меморандуми за соработка:

| реден број | назив на партнер |
|---|---|
| 1 | ЗЕГИН ФАРМ Скопје |
| 2 | ПЗУ Аптека МОЈА АПТЕКА Скопје |
| 3 | ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Северна Македонија |
| 4 | ЈЗУ Здравствен дом -Скопје |
| 5 | ПЗУ Поликлиника - ТОСПАШ Скопје |
| 6 | ХЕМИ ПРОДУКТ ДОО Скопје |
| 7 | ЈЗУ Центар за јавно здравје- Скопје |
| 8 | ОПТИКА ЛЕНС ТИХО ДООЕЛ Скопје |
| 9 | МАТЕЈАС ДООЕЛ Скопје |

| | |
|---|---|
| 10 | „ЕУ ИНСТИТУТ” Скопје |
| 11 | Здружение на граѓани Иницијатива за европска перспектива (ИЕП) |
| 12 | ДАНАИФАРМ ДОО Скопје |
| 13 | Технолошко-металуршки факултет- Скопје |
| 14 | СОКО ГОРИЦА ДООЕЛ Скопје |
| 15 | ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА |
| 16 | Здружение на граѓани „Младите можат” - Скопје |
| 17 | ДИМЕ ДОО Скопје |
| 18 | БЕСТ ФУД ТИ ДООЕЛ Радовиш |
| 19 | ЃОРГИЕВИ ДООЕЛ с.Гавран, Конче |
| 20 | ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија-Скопје |
| 21 | Универзитетска клиника по хируршки болести „Свети Наум Охридски” - Скопје |
| 22 | Цементарница УСЈЕ А.Д. Скопје |
| 23 | СУНИЛЕНС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |
| 24 | ВЕСА-КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |
| 25 | ФУД ЛАБ ДОО Скопје |
| 26 | ЖАНА-С Скопје |
| 27 | ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13-ти Ноември” - Скопје |
| 28 | „АЛКАЛОИД“ А.Д. Скопје |
| 29 | ЈП „Водовод и канализација” - Скопје |
| 30 | РИС ХЕМ ДООЕЛ увоз -извоз Скопје |
| 31 | Управа за хидрометролошки работи - Скопје |
| 32 | Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена порта |
| 33 | Меѓународен Балкански Универзитет |
| 34 | ПИВАРА СКОПЈЕ ДООЕЛ Скопје |
| 35 | АНАЛИТИКА - Скопје |
| 36 | РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје |
| 37 | ХАБИТАТ МАКЕДОНИЈА |
| 38 | ЏОНСОН МЕТИ ДООЕЛ Скопје |
| 39 | ИЗВОР Вадин ДООЕЛ Скопје |
| 40 | СМД Солудионс ДОО Илинден |
| 41 | СТЕФИ ПОИНТ КОЗМЕТИКА ДООЕЛ Скопје |
| 42 | РАМУС Скопје |
| 43 | ФОБАС КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје |
| 44 | ЖИТО СКОПЈЕ - СИЛБО Скопје |
| 45 | ЖИТО ЛУКС - Скопје |
| 46 | РЖ Техничка контрола - Скопје |
| 47 | ЈПДКО Дрисла - Скопје |

Во наставните планови е предвидена реализација на феријална практика. Феријалната практика се реализира за време на летниот распуст на учениците. Училиштето, ученикот, родителот / старателот и работодавачот во месец мај секоја учебна година, склучуваат Договор за изведување на феријалната практика кај работодавач согласно со Стандардите за изведување практична обука на учениците кај работодавачите и Правилникот за содржината, формата и процедурата за потпишување на Договорот за практична обука на учениците. По завршувањето на феријалната практика, работодавачот на ученикот му издава потврда како доказ за успешна реализација на феријална практика. Учениците и предметните наставници за размена на искуства од практичната настава имаат посетено наставни часови по практична настава во други училишта каде што има сродни струки и образовни профили со училиштето.

Училиштето со брошура и флаери ги информира родителите, учениците, како и сите други заинтересирани странки коишто бараат информација за струките и образовните профили, како и со наставниот план за секоја образовна година и целите на наставните програми по наставните предмети кои учениците ќе ги изучуваат.

Во училиштето има 29 ученици со посебни образовни потреби, од кои 15 ученици се со наод и мислење, а 14 ученици се без наод и мислење, со коишто работат стручниот соработник - специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог) и 4 образовни асистенти и 2 лични асистенти ангажирани за општествено - корисна работа од страна на Град Скопје како основач, а во соработка со проектот на УНДП. За работа со учениците со посебни потреби, формиран е инклузивен тим и формирани се инклузивни подтимови со Решение со дел. број 03-543/2 од 29.09.2023 година и училиштето има изработено Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби и Протокол за активности за инклузија со дел. број 03-543/3 од 29.09.2023 година. Стручниот соработник - специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог) во соработка со предметните наставници и инклузивните тимови имаат изработено индивидуални образовни планови за работа на ученици со посебни образовни потреби, за оние ученици за коишто е доставена писмена согласност од родителот / старателот, којшто се чува во досието на ученикот со посебни образовни потреби на начин и постапка утврдена со Законот за заштита на личните податоци. Наставниците и стручните соработници имаат посетено обука за работа со ученици со посебни образовни потреби на ден 04.11.2023 година и на ден 05.11.2023 година, којашто е финансирана од буџетот на училиштето.

Изборот на изборните предмети за учениците во трета и четврта година е од листата на изборни предмети, како и изборот на содржини програмирани од училиштето се врши согласно наставниот план. Изборот на изборните предмети е извршен со спроведување на анкети и задоволување на интересот на учениците. По извршената анкета, училиштето го утврдило изборот.

Согласно со Концепцијата за модернизација на техничкото образование, донесена со Решение на Министерот за образование и наука со број 24-730/1 од 02.12.2016 година, во стручното образование е застапено и подрачјето содржини програмирани од училиштето. Согласно Насоките за планирање, реализирање и евидентирање на содржините програмирани од училиштето, а изготвени од Центарот за стручно образование и обука (септември 2019 година), истите се посебно подрачје чијашто цел и функција е задоволување на пошироките потреби на учениците, да истражуваат и напредуваат во одредени области во функција на продлабочување и проширување на нивните знаења, вештини и компетенции како и подобро планирање на сопствената кариера. Согласно Наставните планови за средно стручно образование со четиригодишно траење на образованието, за образовните профили од хемиско - технолошка струка, здравствена струка и струката лични услуги, програмите од подрачјето содржини програмирани од училиштето се реализираат со 2 часа неделен фонд, односно 72 часа годишен фонд и тоа за I (прва), II (втора) и III (трета) година, односно до 66 часа годишен фонд во IV (четврта) година. За учебната 2023/2024 година, се реализираат вкупно 2 (две) програми и тоа:

- Светско наследство во рацете на младите, во паралелките од I (прва) година;
- Спортски активности „Јога и планинарење“ во паралелките од IV (четврта) година.

Програмата „Светско наследство во рацете на младите“ е предвидена за учениците од I (прва) година, за сите образовни профили/квалификации, изработена од Центарот за стручно образование и обука (дел. број 08-581/1 од 20.10.2021 година) и истата опфаќа нови содржини за кои е проценето дека се од општ интерес на учениците.

За програмата „Јога и планинарење“ од областа на спортските активности, која е предвидена за учениците од IV (четврта) година и училиштето има добиено позитивно стручно мислење и одобрение за реализација од Бирото за развој на образованието, според кое програмските содржини се добро испланирани и истите ги задоволуваат критериумите за нејзина реализација (мислење со дел. број 08-1272/2 од 01.08.2023 година).

### 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Училиштето планира активности за доставување мислење од страна на наставниците, стручните соработници и родителите за обемот и содржината на

наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност.

Има добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели во наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието.

Училиштето има разработено насоки и упатства за вградување на меѓупредметните цели.

Наставници од училиштето имаат поткренато Иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми. По предлог на наставници од училиштето согласно Концепцијата за модернизација на техничкото образование од учебната 2019/2020 година, извршено е преадаптирање во техничкото образование со тоа што образовните профили се преименуваат во квалификации, а струките во сектори. Поголем дел од наставниците коишто изведуваат настава по стручните предмети и практична настава од страна на Центарот за стручно образование и обука се вклучени во изработка на новите наставни планови и наставни програми за средно стручно четиригодишно образование преку Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации (СКИЛС проект).

### 1.3. Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира воннаставни и вонучилишни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Училиштето организираат заеднички воннаставни активности со учениците од македонски и албански наставен јазик.

Учениците учествуваат во секции и во воннаставните активности според сопствен избор и со демократска и транспарентна процедура. При вклучување на учениците во активностите се задоволува интересот на учениците и не постои родова, етничка и социјална рамноправност. Училиштето обезбедува услови за активно учество на учениците со потешкотии во учењето во сите активности организирани во и надвор од училиштето. Во училиштето се формирани 14 секции и тоа:

- Литературна со јавно говорење;
- Математичка;
- Информатичка;
- Историска;
- Физичка;
- Хемиска и еколошка;
- Ликовна;
- Кошарка;
- Фудбал;
- Одбојка;
- Ракомет;
- Хор;
- Оркестар;
- Прва помош.

Со секциите раководат по 2 наставници и тоа 1 наставник кој изведува настава на македонски наставен јазик и 1 наставник кој изведува настава на албански наставен јазик, со исклучок на Хемиската и еколошката секција во која се вклучени 6 наставници од кои 3 наставници коишто изведуваат настава на македонски наставен јазик и 3 наставници коишто изведуваат настава на албански наставен јазик.

Активностите од секциите се евидентираат во Дневниците за работа на паралелките и низ нивните активности се реализираат целите на воспитно - образовната работа на училиштето, се развиваат способности и интереси на учениците во различни активности, се гради позитивен и креативен однос кон работата, кон материјалните и духовните добра, како и се оспособуваат младите за вклучување во локалниот и општествениот живот.

Покрај секциите, како воннаставни активности, се опфатени и ученичките активности (општествени, хуманитарни, спортски и културни активности и организации) и тоа:

- Посета на Музејот на борбата на Македонскиот народ и жртвите на комунизмот;
- Посета на Музејот на Холокаустот;
- Посета на опера;
- Присуство на промоција на книга на поранешен ученик од училиштето;
- Посета на саем на книгата, саем на образование и наука во Белград, Република Србија;
- Посета на саем на книга во Тирана, Република Албанија;
- Посета на фабрики;
- Посета на производствени погони и фабрики;
- Посета на фармацевтски и медицински установи;
- Посета на оптики;
- Матурска парада за учениците од средните училишта на Град Скопје;
- Учество на литературни конкурси;
- Учество на ликовни конкурси...

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Во последните три учебни години училиштето освоило 92 награди од кои :

- 26 награди на општинско ниво (9 награди за прво место, 10 награди за второ место и 7 награди за трето место);
- 19 награди на регионално ниво (9 награди за прво место, 7 награди за второ место и 3 награди за трето место);
- 45 награди на државно ниво (15 награди за прво место, 11 награди за второ место и 21 награди за трето место); и
- 2 награди на меѓународно ниво (2 награди за трето место).

Училиштето се стекнало со медали, пехари, дипломи, сертификати, благодарници и пофалници.

Училиштето е вклучено во 19 проекти и учениците коишто следат настава на македонски наставен јазик и албански наставен јазик активно се вклучени во работата на проектите и истите покренуваат иницијативи од еколошка природа.

Училиштето организира крводарителски и хуманитарни акции во соработка со Црвен Крст.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста, почитувајќи ги правата на учениците и мултикултурализмот го промовира во училиштето, на локално, државно и меѓународно ниво. Со Решение со дел. број 03-725/1 од 25.11.2023 година формиран е училишен тим за меѓуетничка интеграција во образованието во состав од 13 членови. Училиштето спроведува заеднички активности за меѓуетничка интеграција во училиштето, со партнер еднојазични училишта во државата (Средно економско - правно училиште на Град Скопје „Васил Антевски - Дрен“ - Скопје и Средното општинско стручно училиште „Илинден“ - Илинден). Заедно учествуваат на меѓународни проекти, а училиштето во 2020 година е добитник на грант од Министерството за образование и наука за спроведување на активности за меѓуетничка интеграција. Односите и соработката на директорот на училиштето и помошниците директори со управните и стручните тела и органи на училиштето, локалната средина, деловната заедница, надворешната заедница и невладиниот сектор е на многу добро ниво.

Регистриран е спортски клуб со назив УСК „МКС“ – Скопје со Решение со дел. број 0805-50/150120230029382 од 07.10.2019 година, којшто е основан од страна на предметни наставници од училиштето. Клубот е активен и на годишно ниво учествува на спортски активности (спортски натпревари и настани на општинско, регионално и државно ниво со различни спортски дисциплини - одбојка, кошарка, ракомет и фудбал, велосипедски тури, планинарски марш). Во клубот учесници се 114 машки и 128 женски ученици од училиштето. Активното учество на настани од страна на спортскиот клуб е потврдено и од страна на Федерација на училишен спорт на Македонија, Федерацијата на

училишен спорт на Градот Скопје. Спортскиот клуб е финансиран од страна на Фудбалската федерација на Република Северна Македонија за одредени настани.

Ученичките екскурзии на учениците се планираат, програмираат, организираат и изведуваат во согласност со одредбите од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии за учениците од средните училишта согласно интересот на учениците.

# 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигнувања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците по пол, наставни предмети и за сите класификациони периоди по паралелки, години и етничка припадност. Училиштето изготвува полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни и компаративни анализи за постигнувањата на учениците. Според изготвените анализи, постигнувањата на учениците од трите претходни учебни години во училиштето е многу добар (3.71)

Во последните три учебни години, на крајот на учебната година немало ученици на поправен испит.

По завршување на последната година од стручното четиригодишно образование учениците се определуваат за полагање државна матура и завршен испит. По завршување на последната година од стручното тригодишно образование учениците полагаат завршен испит.

Во последните две учебни години, државна матура положиле вкупно 615 ученици, од кои 317 ученици (84 машки и 233 женски) на македонски наставен јазик и 298 ученици (73 машки и 225 женски) на албански наставен јазик. Исто така, завршен испит положиле вкупно 171 ученици, од кои 114 ученици (50 машки и 64 женски) на македонски наставен јазик и 57 ученици (27 машки и 30 женски) на албански наставен јазик. Во учебната 2020/2021 година учениците не полагале државна матура и завршен испит, туку 256 ученици се стекнале со Диплома за завршено средно образование.

Учениците се оценуваат и по поведение со тоа што во трите претходни учебни години од вкупно 4783 ученици, со примерно поведение оценети се 4501 ученици, со добро поведение оценети се 226 ученици и со незадоволително поведение оценети се 56 ученици.

Училиштето планира и презема активности за подобрување на постигнувањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба. Во трите претходни учебни години за родителите спроведени се 605 советувања, од кои 382 за намален успех, 194 за нередовно посетување на наставата, 25 за несоодветно однесување и 4 друг основ. Од страна на стручните соработници (педагог и психолог) за намален успех се спроведуваат индивидуални советувања со учениците и родителите за што се води посебна соодветна евиденција. Со спроведување на советувањето во училиштето зголемена е редовноста на учениците.

Наставниците им даваат поддршка на учениците коишто имаат потешкотии во учењето и на надарените ученици.

Училиштето има пропишано процедура и презема активности за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците. Од вкупниот број на ученици, образованието на високо образовни установи во последните три учебни години го продолжиле 862 ученици.

## 2.2. Задржување / осипување на ученици

Училиштето обезбедува услови за запишување на ученици од Скопје и од други градови во државата. Училиштето месечно ги ажурира податоците за запишаните ученици и води соодветна евиденција. Училиштето има воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од средно образование во високо образовните установи.

Во училиштето постои тенденција за зголемување на бројот на ученици во последните три учебни години и тоа: во учебната 2021/2022 година, бројот на ученици изнесувал 1680, распоредени во 62 паралелки; во учебната 2022/2023 година, бројот на ученици изнесувал 1704, распоредени во 65 паралелки и во учебната 2023/2024 година, бројот на ученици изнесува 1725, распоредени во 65 паралелки.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности. Соработува со родителите за нередовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите за нередовност на учениците и води уредна документација.

Просечниот број на изостаноци по ученик е 54, од кои 45 оправдани и 9 неоправдани по ученик, за што редовноста на учениците бележи тренд на подобрување.

Во последните три учебни години од училиштето се осипале до 45 ученици во текот на учебната година, а исто така до 130 ученици се запишуваат во текот на учебната година.

Училиштето ја почитува постапката за преминување на ученици од едно училиште во друго училиште. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно - образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

## 2.3. Повторување на ученици

Во последните три учебни години 23 ученици не ја завршиле годината. Училиштето ги запознава учениците со правото за поднесување Жалба, односно Приговор до Наставничкиот совет доколку постои незадоволство од оценките на крајот на учебната година. Во последните три учебни години, на крајот на учебната година немало ученици на поправен испит.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од меѓуетничка интеграција, интегрираното образование, инклузија во образованието и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Од страна на сите наставници се изготвува личен план за професионален и кариерен развој, а стручниот соработник - специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог) во соработка со предметните наставници и инклузивните тимови имаат изработено индивидуални образовни планови за работа на ученици со посебни образовни потреби, за оние ученици за коишто е доставена писмена согласност од родителот / старателот, којштo се чува во досието на ученикот со посебни образовни потреби на начин и постапка утврдена со Законот за заштита на личните податоци. Сите наставници своите планирања ги имаат доставено во персоналните досиеја во стручната служба.

Наставниците ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, содржините програмирани од училиштето, како и воннаставните активности. Имаат изработени годишни и тематски планирања, како и оперативен план за наставен час. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата, а активностите се планирани со цел да се постигне целта на часот.

Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план и наставните програми, имајќи во предвид за наставници кои реализираат настава во други училишта, број на часови по паралелки и изборни предмети, а притоа почитувајќи го најдобриот интерес на ученикот и наставникот за вниманието и постигнување на целите на часот. Училиштето има распоред за додатна и дополнителна настава, распоред за приемен ден на родители, како и распоред за реализација на содржини програмирани од училиштето. Училиштето има истакнато распоред на ѕвонење.

## 3.2. Наставен процес

За усвојување нови знаења, умеења, вештини и практична примена на знаењата поголем број наставници користа соодветни форми, методи и техники за работа. Наставниците користат многу добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка.

Со информатичка компјутерска опрема опремени се 36 училници. Исто така училиштето има 2 ТВ, 24 смарт табли, 2 тач компјутери и 40 таблети. Од информатичко – компјутерска технологија училиштето располага и со 46 ЛЦД проектори наместени во сите училници, работилници и лаборатории. Училиштето располага со 120 лаптопови за наставниците и стручните соработници, како и има инсталирано сопствена безжична интернет мрежа во целокупниот простор, финансиран од буџетот на училиштето. Наставниците посетувале обука за употреба на ИКТ во наставата. Во планирањата имаат предвидено реализација на наставни единици со примена на ИКТ во наставата. Наставниците применуваат ИКТ во наставата.

Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите кај наставниците се со различно ниво на сложеност приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на учебници. Наставниците на учениците им овозможуваат да работат со сопствено темпо. На учениците кои подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да се вклучат и напредуваат во наставниот процес.

Наставниците ги информираат учениците за целите на наставата програма и очекуваните исходи од учењето, а поучувањето е јасно, недвосмислено и разбирливо.

Наставниците наставата ја реализираат со примена на различни интерактивни методи, а учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Интеракција наставник – ученик и ученик – ученик е многу добра. Наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовираат прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес која што редовно се применува и секој наставник во текот на учебната година се посетува на наставен час од страна на директорот и стручната служба. Има размена на искуства со колеги од училиштето преку нагледен час. Учениците и предметните наставници за размена на искуства од практичната настава имаат посетено наставни часови по практична настава во други училишта каде што има сродни струки и образовни профили со училиштето.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Најголем број на учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Училишниот простор естетски е уреден. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училниците. Ученикот има пристап до различни материјали за учење.

Поголем број на учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието,работно ги оспособува за примена на стекнатите знаења практично да ги применат,исто така учениците имаат активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часот наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Поголем број на ученици имаат можност да го искажат сопственото мислење посебно при изведување на практична настава притоа почитувајќи го мислењето на другите. Нивното мислење се зема предвид при донесување на одредени одлуки. Учениците иницираат активности и преземаат одговорности во училиштето.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниците и стручните соработници ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Наставниците во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат.

Наставниците со помош на стручниот соработник – специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог) за потребите на учениците со посебни образовни потреби изготвуваат индивидуални програми за работа.

Наставниците користат современи интерактивни техники кои ќе ја зголемат активноста и интересот за време на часот, со цел, во процесот на поучување да им се даде можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците имаат изготвено стандарди и критериуми за оценување на учениците.

Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми).

Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата. Исто така, ги користаат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Наставниците прибираат информации за постигнувањата на учениците и даваат транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигнувањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина) и индивидуални средби (за пренесување на информации за конкретен ученик) со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи (евидентен лист). Родителите се известуваат и по електронски пат.

# 4. ПОДДРШКА / ПОМОШ НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1. Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава и истиот е осигуран во осигурителна компанија Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп - Скопје. Учениците и вработените во училиштето се осигурани преку осигурителната компанија Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп - Скопје. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Во училиштето има обучен кадар од 35 вработени за давање прва помош на учениците и вработените при несреќни случаи, а располага и со дефибрилатор и обучен кадар од 10 вработени за користење на истиот. Исто така, училиштето има Правилник за заштита од пожари и експлозии, План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи и Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи, како и од Дирекцијата за заштита и спасување има набавено Упатство за пружање на прва медицинска помош; Упатство за самозаштита на граѓани при несреќи предизвикани од опасни материи и Упатство за самозаштита на граѓаните од земјотреси. Од страна на училиштето, организирано е физичко обезбедување за време на двете смени од правното лице „СЕКЈУРИТИ ГРУП СЕРВИСИС“ ДООЕЛ Скопје, како и чуварска служба за ноќните часови (двајца чувари) коишто се вработени во училиштето. Во училиштето е поставен систем за видео надзор со 16 камери за што е добиена посебна согласност од Дирекцијата за заштита на личните податоци. Извршено е мерење на 9 хидранти и извршен е сервис на 20 ПП апарати, како и извршено е мерење на атмосферски притисок и громобранска инсталација од страна на правното лице „РЕНИ ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ Скопје.

Училиштето за правилно однесување на сите структури во училиштето и организација на работата во училиштето во состав на Годишната програма за работа на училиштето има донесено:

- Кодекс за однесување на учениците;
- Кодекс за однесување на наставниците;
- Кодекс за однесување на родителите;
- Куќен ред на училиштето;
- Етички кодекс за наставниците и стручните соработници;
- Еко кодекс на училиштето;
- Кодекс за однесување во училишна лабораторија;
- Кодекс за однесување во училишна сала;
- Правилник за избор на ученик на генерација;
- Протокол за спречување на насилство во училиштето;
- Процедура за грижа за ученици со телесни пречки;
- Процедура за однесувања кои индицираат присуство на посебни потреби кај учениците;
- Процедура за давање согласност за користење на лични податоци од учество во училишни и вонучилишни активности;
- Протокол за изведување на обврските на дежурство на дежурните ученици и дежурните наставници.

Протоколите се почитуваат и се применуваат.

Во училиштето нема насилство, меѓу возрасните и учениците. Училиштето ги информира учениците за заштита од насилно однесување, од трговија со деца и користење на интернет. Училиштето има развиено своја апликација за електронско пријавување на секаков вид насилство. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство.

Училиштето ги информира вработените и учениците за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции. Во

училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не конзумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанци учениците се информирани преку организирани предавања.

Во училиштето нема организирана исхрана. Учениците се хранат во сендвичара пред училишниот двор.

Во училиштето има 2 ученици со физички хендикеп и за истите е обезбеден личен асистент. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со пристапна рампа и соодветен тоалет.

Училиштето помага на 45 ученици од социјално загрозени семејства. Училиштето редовно врши ажурирање на податоците во базата на податоци од Министерство за труд и социјална политика за редовноста на учениците, чии родители се корисници на повремена или постојана социјална помош со цел остварување и задржување на правото на условен паричен надоместок. Во последните три учебни години, вкупно 398 ученици оствариле право на користење на условен паричен надоместок.

За помош и поддршка на учениците во воннаставните активности училиштето соработува со Центарот за социјална работа, хуманитарните организации и Црвен крст на Град Скопје.

### 4.2. Здравје

Хигиената во училиштето е на највисоко ниво. Училишниот простор се чисти и дезинфицира во секое време од денот и ги задоволува законските прописи. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е естетски и хортикултурно уреден. Хигиената во училишниот двор редовно се одржува согласно точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. Училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во корпите за отпадоци. Извршена е дезинфекција, дератизација и дезинсекција во училиштето од страна на „ЗОТОКС“ ДООЕЛ Скопје.

Училиштето има донесено програма за превенција од заразни болести. За учениците, училиштето организира систематски прегледи согласно со националната програма за здравствена заштита. Сите вработени редовно вршат систематски и санитарни прегледи согласно со прописите за здравствена заштита. Последниот систематски преглед на вработените е извршен во ПЗУ „ПОЛИКЛИНИКА ТОСПАШ“ – Скопје, а последниот санитарен преглед на вработените е извршен во ЈЗУ „ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ“ – Скопје.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. Притоа училиштето соработува и со родителите и здравствените установи.

### 4.3. Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

Училиштето за учениците има информации за можностите за понатамошно образование. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование по завршувањето на образованието опфаќа информација од високо - образовните установи.

Училиштето има програма за професионална ориентација на учениците и се грижи за давање помош при изборот на институцијата за понатамошно образование и доусовршување. Во однос на тоа се врши проценка на интересите и способностите и се

даваат препораки за понатамошно образование, односно определбата за нивната идна професија. За учениците од завршните години на образованието во училиштето се организираат презентации од страна на високообразовните (државни и приватни) институции кои нудат промотивен материјал и информации за уписите во нив. Училиштето спроведува и организирана посета на високообразовни институции.

Училиштето има програма за професионална ориентација на учениците. Во училиштето се изведува кариерно советување на средношколци, кој има за цел, едуцирање и насочување на учениците како да бидат поконкурентни на пазарот на трудот, односно нивно доусовршување, подготовка на интервјуа за работа, изработка на кратка биографија и советувања на учениците за професионалната ориентација. Кариерното советување го врши стручната служба.

Училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми. Во училиштето нема ученици со емоционални потешкотии. Стручната служба е обучена да даде поддршка на ученици со емоционални потешкотии. Училиштето има редовна соработка со релевантните институции, како што се Центарот за социјална работа и здравствените установи.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата се внесени и податоци за напредокот на учениците, што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на учениците. Постои соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните раководители, предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците. Стручната служба води досие за секоја паралелка и за секој ученик.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на евиденцијата за учениците. Подготвените извештаи се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. Родителите и учениците се информираат на класен час, родителски средби и Совет на родители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Наставниците уживаат респект кај родителите. Во училиштето меѓучовечките односи се на високо ниво. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето е препознатливо како солидно училиште по квалитетот на работата и постигнувањата на учениците во различни области како и остварувањето на визијата и мисијата на училиштето.

Училиштето има посебни кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите, како и куќен ред за однесување на сите ученици и вработени. Во истите еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики и се истакнати транспаретно во ходниците и во училниците на училиштето. Во нивната изработка учествувале сите структури. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексите и таквите процедури доследно се спроведуваат во пракса.

Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите наставници и вработени што учествуваат во училишниот живот. Учениците - членови на училишната заедница не се покануваат на седници на Наставнички совет, седници на Совети на години и на седници на Училишниот одбор, бидејќи не постои таква законска обврска. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Со учениците со потешкотии во учењето работат инклузивните тимови. Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Има распоред и дежурства на наставници и ученици во двете смени.

Учениците и вработените го почитуваат куќниот ред во училиштето, почитувајќи ги правилата на однесување во училиштето. Учениците се совесни и учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со вработените. Училиштето соодветно го применува Упатството за начинот и постапката за изрекување педагошки мерки. Во последните три учебни години изречени се 394 педагошки мерки од нив 373 се писмена опомена и 21 педагошки мерки пред отстранување од училиштето. За секоја изречена педагошка мерка се донесува Решение со правна поука како упатство за правно средство. Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина упатени кон учениците припадници на други етнички заедници.

Постои работна атмосфера за време на наставата, вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.

Училиштето има формирана ученичка заедница од 65 ученици. Со Училишната заедница раководат 4 наставници и 2 стручни соработници. Ученичката заедница има изготвено програма за работа и за реализација на програма добива поддршка од училиштето. Ученичката заедница повремено учествува во разгледување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици. Учениците навремено се информирани од претставникот во ученичката заедница за сите активности што се од нивен непосреден интерес.

Училиштето има донесено еко-кодекс кој е истакнат на видно место, во холот на училиштето. Во него се поставени правилата на однесување согласно содржините на еколошката програма.

## 5.2. Промовирање на постигнувањата

Училиштето става голем акцент на постигнувањата на сите ученици. Наставниците успешно ја организираат средината за учење со поставување јасни очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат добри очекувања од самите себе. Наставниците успешно го користат

пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигнувања на сите ученици во рамки на училиштето и на локално ниво. Промовирањето на постигнувањата на учениците се врши и преку флаери, училишен весник и локалните медиуми. Постигнувањата на учениците се промовираат индивидуално и групно. Училиштето има изготвено Правилник за ученик на генерација со критериуми за избор со кој се овозможува транспарентен и демократски избор. Ученикот кој е првенец добива награда и пофалница од страна на Градоначалникот на Град Скопје и училиштето.

Училиштето води политика на поттикнување на наставниците и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво и има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците коишто ја давале поддршката. Училиштето е препознатливо по постигнувањата на учениците на натпревари со освоени награди од разни области преку кои го промовирале училиштето. Учениците имаат можности (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности. Училиштето има воспоставен систем за информирање на реализираните активности.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на учениците. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Наставниците правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност и социјалното потекло. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиште.

Училиштето презема активности за позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Поголем дел од наставниците и стручните соработници биле на обука за Меѓуетничка интеграција во образованието - МИО проектот. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во државата, без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата преку корелација на содржини по одредени наставни предмети. Училиштето планира и реализира заеднички наставни и воннаставни активности со ученици од самото училиште, како и со ученици од другите средни училишта од партнер училиштата. Училиштето во последните три учебни години има реализирано вкупно 148 активности од различен карактер (посети, хуманитарни акции, натпревари, работилници, учество на конкурс и друго).

### 5.4. Партнерски односи со родители, со локалната и деловната заедница

Училиштето презема активности да ги вклучи родителите во воспитно - образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се вклучуваат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема и во воннаставните активности. Комуникацијата со родителите се врши преку организирање индивидуални и родителски средби, отворени денови и слично. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и постигнувањата на учениците се јасни, недвосмислени, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на

заедницата. Локалната и деловната заедница многу добро е вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето, како и овозможување практичната настава да се реализира кај голем број социјални партнери. За време на наставните часови по практична настава се посетуваат и надворешни компани и погони.

Училиштето со правното лице „АЛКАЛОИД“ - А.Д. Скопје и со правното лице „РЕПЛЕК“ А.Д. Скопје има постигнато договор за по завршување на образованието на учениците во училиштето од хемиско - технолошка струка и здравствена струка да им биде овозможено вработување.

ЕКО проектот во училиштето се реализира од 2011/2012 година. Училиштето има изготвено Програма и План на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти со вклученост над 80% од точките на акции од воспоставените еко стандарди. При реализација на еколошката програма вклученоста на учениците е голема. Училиштето има формирано еко одбор од 25 членови, 7 еко патроли и организира еко акции.

Постојат примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на училиштето во проекти од интерес на заедницата. За реализација на проектите соработка на училиштето со средните училишта од градот, други градови, како и училишта од други земји е многу добра. Училиштето е вклучено во сите проекти коишто се финансирани од страна на Град Скопје и учествува во сите организирани активности.

Училиштето се загрева со градски топловоден систем од страна на правното лице „ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА“ А.Д. Скопје. На градскиот топловоден систем поставен е систем за режим на штедење на греењето којшто е даден како донација од страна на правното лице „ТОПЛИФИКАЦИЈА ИНЖЕНЕРИНГ“ А.Д. Скопје.

Во соработка со Град Скопје, УНДП и УНИЦЕФ, во март / 2023 година во училиштето отворена е првата градска биотехнолошка лабораторија за обработка на биоотпад по пристапот „направи сам“ (био-хакирање) кој вклучува активности, односно експерименти кои се случуваат надвор од тишичните индустриски или академски поставки. Отворената лабораторија е една од трите во Европа и ги зголемила можностите на училиштето со нова опрема, машини и технологии во интерес на учениците, локалната средина и бизнис заедницата.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

Училишниот објект е во монтажна стаклена зграда изградена во 1968 година со подрум, приземје и три ката. Училиштето располага со 36 училници, 1 кабинет, 2 кабинети за наставници и простории за нагледни средства и помагала, 1 библиотека со медиотека и читална, 1 фискултурна сала со 2 соблекувални, 8 специјализирани лаборатории за практична настава за хемиско - технолошка струка и здравствена струка, 1 работилница за практилна настава за образовен профил техничар за очна оптика, 1 кабинет по информатика, 3 кабинети за наставници по практична настава, 1 работилница - реална компанија, наставничка канцеларија, просторија за родители, канцеларии за административно - технички кадар (директор, помошник директор, секретар, благајник, сметководител, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор - дефектолог, просторија за помошно - технички персонал) и училишен двор со спортско игралиште и озеленета површина, со вкупна бруто површина од 19596 $m^2$. Просториите се опремени со потребниот инвентар, основни средства и наставно - образовни помагала, а училишниот двор е ограден и безбеден. Училиштето располага со 120 лаптопови за наставниците и стручните соработници, има опремени училници со компјутерска опрема и ЛЦД проектори, како и има инсталирано сопствена безжична интернет мрежа во целокупниот простор, финансиран од буџетот на училиштето.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Училиштето располага со наставни средства и помагала по сите наставни предмети. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Сите ученици се снабдени со учебници за сите наставни предмети за коишто се издадени истите.

Училишната библиотека располага со 16235 наслови на книжен фонд кој се состои од книги, лектири, списанија, лексикони, речници и стручна литература од соодветни области. Книжниот фонд на училишната библиотека е на македонски, албански, српско - хрватски, српски, хрватски и друг јазик. На македонски јазик се 14532 наслови, на албански јазик се 1006 наслови, на српско – хрватски јазик се 84 наслови, на српски јазик се 96 наслови, на хрватски јазик се 412 наслови и на друг јазик се 105 наслови. Најголем број лектири се движи од 20 до 50 примероци по наслов, што во однос на бројот на ученици за кои е наменета релативно задоволува. Интересот на учениците за членство во библиотеката има 438 членови, а се очекува зголемување со оглед на задолженијата на учениците во однос на државната матура, завршниот испит и изработката на проектната задача во функција на државната матура, завршниот испит.

При издавањето се води евиденција (пишана и електронска), како и евиденција за оштетеноста и потребите од нови изданија. Уредно се води проектот „Бесплатни учебници“. Библиотечна евиденција се води во инвентарна книга и електронски, а издавањето и враќањето на книга се води во електронски систем. Библиотеката е отворена за учениците и вработените секој работен ден во период од 09:00 часот до 17:00 часот.

Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно потребите на училиштето.

### 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Работата и наставата во училиштето ја изведуваат директор, помошници директори, стручни соработници (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор - дефектолог, библиотекар, лаборанти), секретар, благајник, хаусмајстор/домаќин, хигиеничари, чувари и наставници. Според образовниот профил и стекнатото стручно звање (стручен назив) од вкупно 113 наставници, распоредени за изведување на настава на македонски наставен јазик и албански наставен јазик, од кои 66 наставници за настава на македонски наставен јазик и 47 наставници за настава на албански наставен јазик. Наставниците на определено работно време се вработени преку постапка за вработување по пат на јавен оглас по претходно одобрени согласности од страна на Министерството за образование и наука, а изборот е извршен од страна на раководното лице по предлог на Училишниот одбор во согласност од одредбите од Законот за наставниците и стручните соработници за основните и средните училишта. Работен однос на неопределено работно време имаат засновано вкупно 69 наставници, на определено работно време се вкупно 28 наставници и 16 наставници дополнуваат од други училишта. Според половата структура 76 наставници се жени и 37 наставници се мажи, а пак според етничката припадност 65 се македонци, 46 се албанци, 1 е србин и 1 е турчин. Во тековната учебна 2023/2024 година нема наставници и стручни соработници - приправници.

Наставниците и стручните соработници го почитуваат работното време. Помошниците директори ја следат редовноста на вработените. Во случај на отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена во постапка за итни и неодложни работи, како и со заменски наставници од редот на вработените.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги детектира потребите на наставниците и стручните соработници за професионален развој, земајќи ги во предвид професионални компетенции за наставници со кои треба да се стекнат. Училиштето има план за организирање на обуки за наставниците. Наставниците учествуваат на обуки организирани од Центарот за стручно образование и обука, Бирото за развој на образованието и други образовни институции.

Училиштето при организирање на интерните обуки најпрвин писмено се обраќа до Бирото за развој на образованието со барање на информација дали од нивна страна има акредитирано установа за организирање на обуки на соодветни теми, при што секогаш добивале известување дека нема акредитирано установи на соодветните теми. Во последните три учебни години за наставниците и стручните соработници од страна на училиштето се реализирани обуки на следните теми:

- „Методи и техники на интерактивна настава и интерактивно учење“;
- „Оценувањето - основа за унапредување и зајакнување на учењето во воспитно - образовниот процес“;
- „Како до реализирање на квалитетна самоевалуација во средно училиште“;
- „Закани кои не демнат на интернет мрежата и најдобри практики за заштита при користење на истата“;
- „Спроведување на самоевалуација на училиштето со професионален и кариерен развој на наставниците и стручните соработници“;
- „Активна настава - интерактивно учење“;
- „Работа со ученици со посебни образовни потреби“;
- „ДЕЛОВНА ЕТИКА - развивање на професионализмот во извршување на работните задачи, професионалниот однос кон учениците, родителите, наставниците и останатите вработени во училиштето“;
- „Формативно образование - Формативно оценување“;
- „Комуникациски вештини помеѓу вработените, учениците и родителите во училиштето“;
- „Поведение во училница, однесувањето во училиштето на учениците и вработените“;

- „Форми, области и начини на соработка со бизнис заедницата во средното стручно образование“;
- „Практичен пристап во работата со ученици со посебни образовни потреби“.

Училиштето организира дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот. Директорот, помошниците директор и стручната служба вршат посета на часовите.

Наставниците и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја и педагошки картони. Од страна на наставниците и стручните соработници се изготвени личен план за професионален и кариерен развој.

Во училиштето се организираат работилници и се даваат насоки за тоа како да се постапува со одреден ученик кој има одредени потешкотии и како да му се помогне на ученикот да ги совлада поставените цели.

## 6.5. Финансиско работење во училиштето

Постапките во врска со финансиско работење во училиштето се спроведуваат во согласност со законските и подзаконските нормативно – правни акти. Училиштето применува соодветни постапки за стекнување основни и дополнителни финансиски средства во училиштето. На крајот на годината се изготвува финансиски план, а на почеток на годината во училиштето се изготвува план за јавни набавки и годишна (завршна) сметка. Сите овие акти се донесени од страна на Училишниот одбор и одобрени од основачот. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот од аспект на подобрувањето на квалитетот со потрошените финансиски средства преку соодветни извештаи.

За поголеми инвестициони вложувања во училиштето се спроведуваат постапки за јавна набавка, за чие спроведување се задолжени комисии каде најчесто активна улога имаат членови од редот на вработените. Во досегашниот период за спроведените јавни набавки немало утврдени законски пропусти.

Училишниот одбор и основачот редовно добиваат информации за трошењето на буџетот од страна на раководната структура во училиштето. Повремено за планирањето и трошењето на средствата во училиштето се информираат и останатите вработени, родителите и локалната заедница, најчесто на неформален начин.

Контролата за финансиското работење ја врши Градот Скопје, преку извештаи кои училиштето ги доставува редовно. Во изминатиот период нема неодобрени планови и неусвоени финансиски извештаи од основачот.

# 7. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор којштo е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на Училишниот одбор е дефинирана со Деловник за работа и истиот работи транспарентно и отчетно. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и останатите училишни тела и органи. Седниците се закажуваат навремено и се води уредна документација. Од разговорот со членовите на Училишниот одбор и Советот на родителите, се констатира дека тие даваат многу добра поддршка за работата на вработените во училиштето и носат правични и транспарентни одлуки во интерес на сите засегнати страни. Членовите на Училишниот одбор имаат посетено обука за начинот и работата на органот на управување, која што е организирана и финансирана од страна на училиштето.

Раководен орган на училиштето е директорот ДАРКО СПАСЕВ, избран за директор во прв мандат од страна на Градоначалникот на Град Скопје по претходно спроведена постапка за избор по пат на јавен оглас во согласност со законските и подзаконските нормативно - правни акти. Истиот раководен орган раководи со училиштето од 13.01.2022 година. Раководниот орган има стратешка определба заснована врз основа на јасна визија којашто ги содржи реалните гледишта и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган знае реално и објективно да ги оцени квалитетите на вработените. Донесува одговорни, правични и објективни одлуки и вработените се задоволни од неговата работа. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, вклучувајќи и способност да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во воспитно - образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во Програмата за развој преку Самоевалуацијата, а во центар на своето работење ги става постигнувањата на учениците. Има соработка и отворен пристап со вработените, учениците и родителите. Ефективно раководи со вработените и има професионален однос кон работата при менаџирање со ресурсите и привлекување на бизнис партнери за поуспешна работа. Неговата соработка со училишните тела и органи е со директна комуникација, преку помошниците директори, преку средби, соопштенија, како и со писмена коресподенција со оние кои треба да бидат информирани. Неговата работа е планирана и се реализира во согласност со Годишната програма за работа на училиштето. Раководниот орган има изработено и Личен план за професионален и кариерен развој.

Во остварување на обврските и раководењето, директорот на училиштето поднесува извештај за успехот и постигнатите резултати во воспитно - образовната работа, за реализација на годишната програма, како и за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година до надлежните органи.

## 7.2. Цели и креирање на образовната политика

Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Тие се јасно дефинирани и надградени во Годишната програма за работа на училиштето, фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (наставниците, учениците, родителите, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето, а како исход е тоа што во училиштето постои тенденција на зголемен број на ученици во последните три учебни години.

Креирањето на образовната политика на училиштето (цели, начела и вредности) претставува мобилна и синтетизирана активност на органите и телата на училиштето,

локалната самоуправа, образовните институции, учениците и невладини организации. Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа.

Училиштето практикува промовирање на образовните политики преку најразлични форми, како и преку медиумите.

Потребите за развој училиштето многу добро ги има идентификувано во развојното планирање за севкупното работење на училиштето. Целите се недвосмислени, прецизни, јасни и ја отсликуват мисијата и визијата на училиштето. За нивно реализирање вклучени се наставниците, родителите и учениците. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати.

Училиштето многу добро ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот, според динамиката на Центарот за средно стручно образование за наставниот кадар кој реализира настава по стручни предмети и Бирото за развој на образованието за наставниот кадар кој реализира настава по општообразовни. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на посетените едукативни семинари и обуки за унапредување на воспитно – образовниот процес.

Училиштето од буџетот на училиштето обезбедува средства и ги користи за обуки на наставниците и стручните соработници.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално - технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Постојните надгледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување и обновување.

Инфраструктурата во училиштето е многу добра. Училиштето има план и според материјалните и финасиските можности соодветно обезбедува средства за одржување на инфраструктурата.

# 8. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## 8.1. Јаки страни:

- Зголемен број на ученици;
- Изграден имиџ на училиштето;
- Училишната клима е на високо ниво;
- Воспоставен однос, грижа и пристап на наставниците кон учениците;
- Постигнати резултати од работата со учениците со посебни образовни потреби;
- Обученост на целокупниот наставен кадар и стручните соработници за работа со учениците со посебни образовни потреби;
- Голем број на наставно - образовни средства и помагала, како и училишни материјали за непречена реализација на практичната настава;
- Отворена првата градска биотехнолошка лабораторија во училиштето, како една од трите во Европа;
- Опремени училници, работилници и лаборатории со опрема за напречена реализација на ИКТ во наставата;
- Големо учество во проекти и воннаставни активности;
- Постигнати резултати на учениците на организирани натпревари;
- Училиштето има развиено своја апликација за електронско пријавување на секаков вид насилство;
- Промовирање на еднаквоста и правичноста и прифаќање и промовирање на мултикултурализмот со разни активности со партнер училишта;
- Пермаментнен професионален и кариерен развој на сите наставници и стручни соработници;
- Иницирање на активности за измена на постојните наставните планови и програми за средно стручно образование, како и учество на голем број од наставниците во престојните измени на истите;
- Работно оспособување на ученици за пазарот на трудот со овозможување на најголем број на учениците полесно вработување во бизнис секторот по завршување на нивното образование;
- Остварена многу добра соработка на раководниот орган со сите структури и органи во училиштето;
- Развиен механизам на промовирање на струките, образовните профили и постигнувањата на учениците;
- Склучени меморандуми за соработка со голем број на компании за реализација на практичната обука во реални услови;
- Остварена многу добра соработка со локалната средина, деловната заедница, надворешната заедница и невладиниот сектор.

## 8.2. Слаби страни:

- Училиштето, иако нема ученици со емоционални проблеми, нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми.

## 8.3. Препораки:

- Да се пропише процедура за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми.

| | |
|---|---|
| **МИРЈАНА НАСКОВСКА** - раководител на инспекцискиот тим | |
| **ЉУБИША НИКОЛИЌ** - член на инспекцискиот тим | |
| **ЏАВИД СУЛЕЈМАНИ** - член на инспекцискиот тим | |